**20201722176**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 51 став (2), член 53 став (2) и член 55 од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), министерот за информатичко општество и администрација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ КВАЛИФИКУВАНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ ВРЕМЕНСКИ ЖИГОВИ, СТАНДАРДИТЕ КОИ ГИ СОДРЖАТ ПОТВРДИТЕ ЗА КВАЛИФИКУВАНА ЕЛЕКТРОНСКА ПРЕПОРАЧАНА ДОСТАВА И СТАНДАРДИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КВАЛИФИКУВАНИОТ СЕРТИФИКАТ ЗА АВТЕНТИЧНОСТ НА ВЕБ - СТРАНИЦИТЕ

Член 1

Во Правилникот за стандардите кои треба да ги исполнат квалификуваните електронски временски жигови, стандардите кои ги содржат потврдите за квалификувана електронска препорачана достава и стандардите кои треба да ги исполнува квалификуваниот сертификат за автентичност на веб - страниците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 4/20), во членот 2 по зборовите „стандардот ETSI EN 319 422“ се додаваат зборовите „и стандардот ETSI EN 319 421“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08/3-2169/3
24 јуни 2020 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.